Бр. 12-2489/4

16 .05. 2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петнесеттата седница на ДКСК одржана на ден 09.05.2019 година донесе:

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2489/1 од 19.04.2019 година.

Предметот со број 12-2489/1 од 19.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2489/1 од 19.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познати подносители – физички лица.

Со предметната пријава се изразени сомневања и се укажува на повреда на одредбата од членот 62 став 1 од Законот за спречување на корупцијата за која подносителите на пријавата наведуваат дека е сторена со неисплата – за тековниот месец, на надоместок за присаство на одржана седница на Советот на општина Шуто Оризари на лицата подносители на пријавата кои се членови на Советот на општина Шуто Оризари – Скопје.

Заради утврдување на фактичката состојба по конкретниот предмет, во функција на подготовка за постапување, преку размена на информации, од општина Шуто Оризари- Скопје, како јавна институција против која е поднесена предметната пријава, прибавени се, односно по електронска пошта, кај ДКСК заведена под бр. 12-2489/2, кај ДКСК се пристигнати документи кои се однесуват на исплата на посочениот надоместок и тоа: извод бр. 29 (стр. 3 и 4) налог до трезорска канцеларија и Декларација од УЈП по која се врши исплатата.

На петнесеттата седница на ДКСК одржана на ден 09.05.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација ДКСК констатира дека наводите за посочената повреда на Законот за спречување на корупцијата, односно за прекршување на забраната за вршење влијание врз друг - не се потврдуваат и се неосновани, од причина што, видно од расположивите списи - извод, налог и декларција, исплатата на надоместокот на членовите на Советот на општина Шуто Оризари на кој се однесува пријавата е извршена и на истите од страна на општина Шуто Оризари - Скопје им е исплатен надоместок за присаство на седница за месец март 2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk